# REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## UNIVERSITETI "NËNË TEREZA" NË SHKUP
## УНИВЕРЗИТЕТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ

# B U L E T I N I
# I
# UNIVERSITETIT "NËNË TEREZA" NË SHKUP

# Б И Л Т Е Н
# НА
# УНИВЕРЗИТЕТОТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ

**Nr.79/ Бр.79**

**Shkup, 23 Mars 2026**
**Скопје, 23 Март 2026 година**

**Botim i Universitetit "Nënë Tereza" në Shkup**
**Издание на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје**

Redaktor i veprimtarisë botuese të UNT-së / Уредник на издавачката дејност на УМТ:
Prof. Dr. Bekim Fetaji, rektor

Redaktor i Buletinit / Уредник на Билтенот:
Prof. Dr. Mustafa Ibrahimi
Mr. Bujar Kajolli

Këshilli redaktues i Buletinit / Уредувачки одбор на Билтенот:
Prof. Dr. Mustafa Ibrahimi
Prof. Inor. Dr. Fati Iseni
Dr. Raim Jashari
Mr. Bujar Kajolli

## PËRMBAJTJA / СОДРЖИНА

### FAKULTETI I SHKENCAVE TEKNIKE / ФАКУЛТЕТ ЗА ТЕХНИЧКИ НАУКИ


1. Реферат за избор на наставник во сите наставно – научни звања во наставно-научната област **Индустриско инженерство и менаџмент (2.03.00.16)** на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје (Даниела.М.) / Referat për zgjedhje të një mësimëdhënësi në të gjitha thirrjet mësimore shkencore në fushën mësimore shkencore **Inxhinieri Industriale dhe Menaxhment (2.03.00.16)** në Universitetin “Nënë Tereza” në Shkup (Daniella.M) ........................................................................................... 5-18
2. Рецензја од рецензентот проф. д-р Зоран Гацовски на ракописот за учебното помагало (практикум) **„Практикум по статика – одбрани поглавја и задачи“** од авторите вонр. проф. д-р Моника Лутовска, доц. д-р Аљмир Рушити и Асс. М-р Аљбина Муча / Recension nga recensenti Prof. Dr. Zoran Gacovski i dorëshkrimit për mjetin ndihmës mësimor (praktikumin) **“Praktikum për Statikë – Kapituj të Zgjedhur dhe Detyra”** të autorëve Prof. Inor. Dr. Monika Llutovska, Doc. Dr. Almir Rushiti dhe Ass. Mr. Albina Muça ................................. 19-28
3. Рецензја од рецензентот вонр. проф. д-р Златко Неделковски на ракописот за учебното помагало (практикум) **„Практикум по статика – одбрани поглавја и задачи“** од авторите вонр. проф. д-р Моника Лутовска, доц. д-р Аљмир Рушити и Асс. М-р Аљбина Муча / Recension nga recensenti Prof. Inor. Dr. Zllatko Nedellkovski i dorëshkrimit për mjetin ndihmës mësimor (praktikumin) **“Praktikum për Statikë – Kapituj të Zgjedhur dhe Detyra”** të autorëve Prof. Inor. Dr. Monika Llutovska, Doc. Dr. Almir Rushiti dhe Ass. Mr. Albina Muça ................... 29-38


### FAKULTETI I SHKENCAVE SOCIALE / ФАКУЛТЕТ ЗА СОЦИЈАЛНИ НАУКИ


1. Реферат за избор на наставник во сите наставно – научни звања во наставно-научната област **Масовни комуникации (5.08.00.05) и Друго (5.08.00.07)** на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје (Агрон.К.) / Referat për zgjedhje të një mësimëdhënësi në të gjitha thirrjet mësimore shkencore në fushën mësimore shkencore **Komunikime masive (5.08.00.05) dhe Tjetër (5.08.00.07)** në Universitetin “Nënë Tereza” në Shkup (Agron.K.) ........................................................................ 39-68
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно – научни звања во наставно-научната област **Масовни комуникации (5.08.00.05)** на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје (Агрон.В.) / Referat për zgjedhje të një mësimëdhënësi në të gjitha thirrjet mësimore shkencore në fushën mësimore shkencore **Komunikime masive (5.08.00.05)** në Universitetin “Nënë Tereza” në Shkup (Agron.V.) ........................................................................................................................................ 69-83


### FAKULTETI JURIDIK / ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ


1. Реферат за избор на наставник во сите наставно – научни звања во наставно-научната област **Меѓународни односи и дипломатија (5.06.00.06)** на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје (Дренуша.К.) / Referat për zgjedhje të një mësimëdhënësi në të gjitha thirrjet mësimore shkencore në fushën mësimore shkencore **Marrëdhëniet Ndërkombëtare dhe Diplomacia (5.06.00.06)** në Universitetin “Nënë Tereza” në Shkup (Drenusha.K.) ..................................................................... 84-119

2. Реферат за избор на наставник во сите наставно – научни звања во наставно-научната област **Европски интеграции (5.06.00.07)** на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје (Фати.И.) / Referat për zgjedhje të një mësimëdhënësi në të gjitha thirrjet mësimore shkencore në fushën mësimore shkencore **Integrimet Evropiane (5.06.00.07)** në Universitetin “Nënë Tereza” në Shkup (Fati.I.) ................ 120-161
3. Реферат за избор на наставник во сите наставно – научни звања во наставно-научната област **Меѓународни односи и дипломатија (5.06.00.06)** на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје (Енвер.А.) / Referat për zgjedhje të një mësimëdhënësi në të gjitha thirrjet mësimore shkencore në fushën mësimore shkencore **Marrëdhëniet Ndërkombëtare dhe Diplomacia (5.06.00.06)** në Universitetin “Nënë Tereza” në Shkup (Enver.A.) ........................................................................................ 162-203
4. Реферат за избор на наставник во насловно звање Доцент во наставно-научната област **Методологија на истражување на криминалитетот и безбедносните појави (5.09.02.05)** на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје (Раим.Ј.) / Referat për zgjedhje të një mësimëdhënësi në thirrjen akademike Docent në fushën mësimore shkencore **Metodologjia e hulumtimit të kriminalitetit dhe dukurive të sigurisë (5.09.02.05)** në Universitetin “Nënë Tereza” në Shkup (Raim.J.) .......... 204-227
5. Реферат за избор на наставник во сите наставно – научни звања во наставно-научната област **Казнено процесно право (5.05.00.04)** на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје (Емилија.А.) / Referat për zgjedhje të një mësimëdhënësi në të gjitha thirrjet mësimore shkencore në fushën mësimore shkencore **E Drejta Procedurale Penale (5.05.00.04)** në Universitetin “Nënë Tereza” në Shkup (Emilija.A.) ........................................................................................................................ 228-231
6. Реферат за избор на наставник во сите наставно – научни звања во наставно-научната област **Граѓанско процесно право (5.05.00.02)** на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје (Аљбина.З.И.) / Referat për zgjedhje të një mësimëdhënësi në të gjitha thirrjet mësimore shkencore në fushën mësimore shkencore **E Drejta Procedurale Civile (5.05.00.02)** në Universitetin “Nënë Tereza” në Shkup (Albina.Z.I.) ....................................................................................................................... 232-247

## FAKULTETI EKONOMIK / ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во насловно звање Доцент во наставно-научната област **Менаџмент и бизнис (5.02.00.03)** на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје (Сара.М.М.) / Referat për zgjedhje të një mësimëdhënësi në thirrjen akademike Docent në fushën mësimore shkencore **Menaxhmenti dhe Biznesi (5.02.00.03)** në Universitetin “Nënë Tereza” në Shkup (Sara.M.M.) ................................. 248-256
2. Реферат за избор на наставник во насловно звање Доцент во наставно-научната област **Менаџмент и бизнис (5.02.00.03)** на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје (Мимоза.А.И.) / Referat për zgjedhje të një mësimëdhënësi në thirrjen akademike Docent në fushën mësimore shkencore **Menaxhmenti dhe Biznesi (5.02.00.03)** në Universitetin “Nënë Tereza” në Shkup (Mimoza.A.I.) ........................................................................................................................................ 257-265

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО НАСТАВНО – НАУЧНА ОБЛАСТ
ИНДУСТРИСКО ИНЖЕНЕРСТВО И МЕНАЏМЕНТ (2.03.00.16)
НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, објавен во весникот „Коха“ од 05.02.2026 година, и исправката објавена во истиот весник на 06.02.2026 година, за избор на наставник во насловно звање во наставно–научната област Индустриско инженерство и менаџмент (2.03.00.16), а врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за Технички науки, бр. 02-142/19 донесена на 18.02.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

1. Д-р Ана Лазаревска, редовен професор на Машински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје – претседател,

2. Д-р Стеван Ќосевски, вонреден професор на Технички факултет, Универзитет „Мајка Тереза“, Скопје – член,

3. Д-р Зоран Гацовски, редовен професор на Технички факултет, Универзитет „Мајка Тереза“, Скопје - член

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс Избор на еден насловен наставник во сите звања од наставно - научната област Индустриско инженерство и менаџмент (2.03.00.16), во предвидениот рок се пријави само кандидатот д-р Даниела Младеновска (што ги исполнува условите на Конкурсот).

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Даниела Младеновска е родена на 19.08.1974 година, во Скопје  Средно образование завршила во Скопје на природно-математичка насока во 1993 година. Со високо образование се стекнала на Машински факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“. Дипломирала на 08.07. 1998 година, со просечен успех 8,41.

Кандидатката активно се служи со англиски и француски јазик, а го познава и германскиот јазик.

Во учебната 1998 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Машински факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“. Студиите ги завршила на 18.06.2004 година, со просечен успех 9.57. На 18.06.2004 година го одбранила магистерскиот труд на тема: Енергетска анализа на системи за климатизација со променлив проток на воздух.

Докторска дисертација пријавила на 07.04.2011 година на Машински факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“. Дисертацијата на тема: Определување на индикатори за донесување одлуки и креирање политики во синџирите за снабдување во услови на пазарна економија во Република Македонија“ ја одбранила на 09.11.2015 година година, пред Комисија во состав: проф д-р Роберт Миновски, претседател (Машински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје), проф. д-р Атанас Кочов, ментор (Машински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје), проф. д-р Горан Јанкес, член (Машински факултет, Универзитет во Белград), проф. д-р. Ана Лазаревска, член (Машински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје) и проф. д-р. Зоран Марков, член

(Машински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје). Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област техничко – технолошки науки.

На 25.06.2018 година е избрана во звањето насловен доцент на Факултетот за Технички науки, Универзитет „Мајка Тереза" во Скопје во обласа „Општо машинство проектирање и машински конструкции" (21400 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација). Рефератот за избор (насловен доцент) е објавен во Билтен бр.15 од 24.08.2018 година, на Факултетот за Технички науки на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје.

Во декември 2023 година во Универзитетски билтен на Меѓународен Славјански Универзитет Свети Николе, бр. 152 од 29.12.2023 година, објавен е реферарот за избор во звање насловен доцент во обласа Индустриско инженерство и менаџмент. Во моментот нема ангажман на овој Универзитет.

Кандидатката ја започнала својата професионална кариера во ЈП „Електростопанство на Македонија", Подружница „Енергетика" во 1999 година, каде по приправничкиот стаж, од 2000 до 2002 година била одговорен инженер на котелски постројки, а од 2002 до 2004 година била раководител на производство. Во периодот од 2004 до 2006 година е на работната позиција раководител на одржување, додека од 2026 до 2008 ја извршува функцијата директор на Подружница "Енергетика" во склоп на АД "Електрани на Македонија". Од 2008 до 2014 година работи како одговорен инженер за термо објекти во Секторот за развој и инвестиции во Дирекцијата на АД "Електрани на Македонија". Во периодот од 2014 до 2015 година, повторно се враќа во Подружница "„Енергетика" во склоп на истата компанија, како технички директор. Потоа, во периодот од 2016 до 2018 година е на работната позиција одговорен инженер за техноекономски, погонски анализи и имплементација на БИС, во Подружница „Енергетика". Од 2018 година, повторно преминува во Дирекцијата на АД „Елекрани на Македонија", како раководител на Службата за стандардизација, управување со квалитет, животна средина и безбедност и здравје при работа. Од 2024 година до денес работи како внатрешен ревизор во Службата за ревизија на технички процеси во Дирекција на АД „Електрани на Северна Макдонија".

Во текот на целиот досегашен работен век, напоредно со професионалните обврски на работното место, пишува и објавува повеќе научни и стручни трудови, а работи и како консултант во имплементација на проекти од областа на енергетиката, енергетската ефикасност и заштитата на животната средина. Поседува лиценца за Стручно лице за безбедност и здравје при работа, како и лиценца за вештачење од областа на машинството. Има овластување Б за проектирање од областа на мапинството издадена од Комората на овластени архитекти и инженери. Сертифициран експерт е на УНИДО за системи за управување со енергија (EnMS – Energy Management Systems) и за оптимизација на системи за компримиран воздух (CASO – Compressed Air Systems Optimization).

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот

**Наставно-образовна дејност**

Д-р Младеновска е избрана за насловен доцент на Факултетот за Технички науки, Универзитет „Мајка Тереза" во Скопје, на 25.06.2018 година, во обласа „Општо машинство проектирање и машински конструкции" (21400 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација). Рефератот за избор (насловен доцент) е објавен во Билтен бр.15 од 24.08.2018 година, на Факултетот за Технички науки на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје.

Во декември 2023 година во Универзитетски билтен на Меѓународен Славјански Универзитет Свети Николе, бр. 152 од 29.12.2023 година, објавен е рефератот за избор во звање насловен доцент во областа Индустриско инженерство и менаџмент.

Во периодот пред првиот избор за насловен доцент, има повеќегодишно искуство (од 2008 до 2014 година) како предавач/обучувач на специјализирани курсеви за енергетска ефикасност (енергетски ефикасни системи и енергетски ефикасни инсталации) во Космо иновативен центар, Скопје. За потребите на овие курсеви има напишано и објавено два прирачници. Во периодот од 2014 до 2015 година била предавач (национален тренер -обучувач) на програмата EUREM (Европски енергетски менаџер) – Европски сертифицирана програма на Индустриската комора од Нирнберг. Била предавач и на повеќе работилници на теми од областа на енергетската ефикаснот.

**<u>Научно – истражувачка дејност</u>**

Во делот на научно – истражувачката дејност, фокусирана е на истражувања во областа на теоријата на одлучување, одржливиот енергетски развој, енергетската ефикасност, безбедност и здравје при работа како и на аспектот на одрживоста кај адитивното производство.

Во поглед на објавените трудови, кандидатката д-р Даниела Младеновска има објавено вкупно 32 научни и стручни трудови од кои 5 во списанија со импакт фактор. Има објавено како автор два стручни прирачници, а коавтор е на една книга и еден стручен прирачник.

***<u>Објавени публикации (книги) и учебници</u>***

За овој избор, кандидатката како референци ги доставува следните 7 научни трудови:

1. Daniela Mladenovska, Bojana Stanojevska Pecurovska, Filip Stojanovski. Energy savings in households via behavioral change driven by consumption visibility, UKLO Annual International Scientific Conference 2024 Proceedings, University “St. Kliment Ohridski” Bitola, pp. 209-218.
   Во овој труд се истражуваат ефектите од имплементацијата на мерки за енергетска ефикасност кај домаќинствата кои не бараат никакви трошоци ниту инвестиции, туку исклучиво се базирани на промена на навиките. Промената на навиките е иницирана со воведувањето на мерење на потрошувачката на енергија кај позначајните потрошувачи, така што потрошувачката е видлива во реално време. Тоа е овозможено преку соодветно избран сет од инструменти, како и упатства за потрошувачите да ја следат и евидентираат потрошувачката. За истражувањето е избрана една тест група и една контролна група на домаќинства. Обработката на податоците е направена со примена на методата Difference to Differences (DiD).

2. Ana M. Lazarevska, D. Mladenovska. Energy efficiency Implementation: Driver – Barrier Analysis of the Macedonian Legislation, 5th Euro - Mediterranean Conference for Environmental integration. At: 2-5 October 2023, Rende (Cosenca), Italy, 2023.
   Трудот е фокусиран на идентификување на бариерите и драјверите релевантни за имплементација на легислативата за енергетска ефикасност во Македонија. Бројни бариери и пречки, како на пример институционални слабости на национално и локално ниво, недостаток од соработка помеѓу засегнатите страни, лошо управување и корупција, протекционизам и сл., придонесуваат за состојба во која изостанува имплементација на Законот за енергетска ефикасност. Во трудот е користена анализа бариери - драјвери со тежински фактори врз неколку категории: политики/цели, згради, финансирање, енергетско означување на

прозиводи, ладење/греење. Добиените резултати се категоризирани со цел да се обезбеди ефективна помош на донесувачите на одлуки во поттикнување и подобрување на имплементацијата на националната легислатива во областа на енергетската ефикасност.

3. D. Mladenovska, I. Selim, A. M. Lazarevska, T. Kandikjan. Attributes Defining Cost-effectiveness of Biodegradable Products in the Product Driven Design (PDD), Journal of Environmental Protection and Ecology, Volume 24 (1), pp.374-382, 2023. (IF=0,59)

   Врз основа на претходните истражувања од истата група автори на овој труд, произлезе идејата за идентификување на трошковна ефективност на биоразградливите производи врз основа на product driven design (PDD), а имајќи ги во предвид агрегираните преференци на дизајнерите, производителите и потрошувачите. Трудот е фокусиран на определување и категоризирање на атрибутите за трошковна ефективност на овие производи, со примена на мултикритериумската анализа (Multi-criteria analysis - MCA). Визуелизираното преклопување и комплементарност на идентификуваните атрибути се презентирани во согласност со барањата на процесот на развој на производот (Product development process - PDP). Врз основа на резултатите, критериумите за трошковно ефективни производи се анализирани преку Life-cycle Design Strategies (LiDS) дијаграм.

4. Daniela Mladenovska, Inci Derebey: Enhancing Occupational Health and Safety Legal Framework Regarding Increased Ambient Temperatures, Nanotechnologies and Design for Safety in Buildings – Macedonian Case, II. International Health and Climate Change Congress (IHCC), 28-30 November, 2022, Izmir, Turkiye, Conference proceedings, pp. 106 – 112, 2022.
   Овој труд ја елаборира потребата од подобрување на националното законодавство од областа на безбедност и здравје при работа, имајќи го во предвид новонастанатото опкружување во однос на ефектите од климатски промени, како и појавата на наотехнологиите. Ова е важно бидејќи земјоделството и градежништвото се сектори во кои работниците се особено изложени на надворешни влијанија, а нанотехнологијата е веќе присутна во неколку фабрики (странски инвестиции). Насоките кои се даваат за подобрување на легислативата, ќе придонесат за намалување на повредите и инциденцата на професионалните заболувања.

5. Bojana Stanojevska Pecurovska, Daniela Mladenovska: The presence and treatment of environmental subjects in the Macedonian printed media, South East European Journal of Sustainable Development, Volume 6, Issue 3, pp. 249-267, 2022.
   Проблемите поврзани со заштитата на животната средина се повеќе добиваат видливост кај општата јавност. Медиумите притоа имаат важна улога во подигањето на свеста и во креирањето на јавното мислење за овие прашања. Овој труд го анализира присуството и третманот на овие теми во печатените медиуми во Македонија. Притоа се анализира фрекфенцијата, структурата, аналитичноста и видот на обработената тема. Резултатите покажуваат дека застапеноста на овие теми е исклучително ниска, без соодветна елаборација и често тие се злоупотребени во политичка промоција. Недостасува објективност во анализите која би иницирала решавање на одредени проблеми.

6. Daniela Mladenovska, Ana M. Lazarevska, Magdalena Krstanoski. Attributes relevant for sustainable additive manufacturing – material driven approach. World Symposium on Mechanical-Materials Engineering & Science (WMMES 2021, Prague). IOP Conference Series: Materials Science and Engineering. 1190 (2021) 012001, doi:10.1088/1757-899X/1190/1/012001.
   Адитивното производство покрива различни апликации и бележи значаен развој во последниот период. Фокусот на овој труд е врз 3D печатењето како една од најкористените технологии. Со помош на Multi Attribute Analysis, трудот елборира и идентификува релевантни атрибути за овој процес низ перспективата на материјалите кои се користат во 3D печатењето. Пристапот е холистички, бидејќи вклучува атрибути во склоп на проширена парадигма за одржливост. Атрибутите се категоризирани во 5 групи: економски, социјални, заштита на животна средина, технички и правни.

7. D. Mladenovska, I. Dubravac: Weaknesses regarding occupational health and safety in Macedonian companies. Safety engineering. Vol 11, No. 1, pp. 31-36, 2021.
   Моменталната ситуација во Македонија со имплементацијата на легислативата во областа на безбедност и здравје при работа не задоволува. Постои и недоволна транспарентност во известувањето за несреќите на работното место. Затоа Македонија е значително зад просекот на ЕУ по бројот на регистрирани повреди на работно место. Трудот се занимава со некои од најчестите бариери и неравилности во оваа област преку спроведено истражување меѓу вработените во македонските компании и институции. Учесниците се поделени во три групи – јавен сектор и државна администрација, големи компании и мали компании. Резултатите покажуваат дека недостасуваат професионалци и инвестиции во оваа област, а исто така ниска е свеста кај самите вработени за нивните права и обврски. Ова е особено изразено во категоријата јавен сектор и државна админисрација.

**<u>Стручно – апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Покрај обврските на работното место, кандидатката д-р Даниела Младеновска, во последните 5 години работела на повеќе проекти од областа на подобрување на енергетската ефикасност, заштита на животната средина и климатски промени преку Центарот за климатски промени, а финансирани од различни донатори. Исто така била вклучена како национален енергетски експерт ангажирана од страна на УНДП во подготовката на Националната стратегија за развој 2022 -2042. Учествувала како национален консултант во проект спроведен од страна на OECD, за зелено опоравување на енергетскиот сектор во Западен Балкан. Била ангажирана како ментор во програмата – Акцелератор за зелени стартапи (Youth Entrepreneurial Service Foundation).

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатотво последните 5 години, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 3. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Даниела Младеновска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката Рецезнетската комисијата заклучи дека д-р Даниела Младеновска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето **насловен вонреден професор** во научната област Индустриско инженерство и менаџмент.

Според горе изнесеното, Рецензионата комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за Технички науки во Скопје, д-р Даниела Младеновска да биде избрана во звањето **насловен вонреден професор** во научната област Индустриско инженерство и менаџмент (2.03.00.16).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Ана Лазаревска, претседател, с.р.

Вон. Проф. д-р Стеван Ќосевски, член, с.р.

Проф. д-р Зоран Гацовски, член, с.р.

Скопје, 24.02.2026 година

**ПРИЛОГ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР НА НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО НАУЧНО–ОБРАЗОВНА ОБЛАСТ**
**ИНДУСТРИСКО ИНЖЕНЕРСТВО И МЕНАЏМЕНТ**

Кандидат: Д-р Даниела Младеновска
Институција: Факултет за технички науки, Универзитет „Мајка Тереза“ – Скопје
Научна област: Индустриско инженерство и менаџмент

## НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Број | Назив на Активноста* | Бодови |
|---|---|---|
| 1.1 | Обработка со деформација - предавања и вежби (ECTS 6, 2+2), 2019<br><br>(2 часа x 1 бод + 2 часа x 0,9 бода) | 3,8 |
| 1.2 | Алати за обработка со обликување - предавања и вежби (ECTS 6, 2+2), 2021<br><br>(2 часа x 1 бод + 2 часа x 0,9 бода) | 3,8 |
| 1.3 | Автоматизирано производство и роботика – предавања и вежби (ECTS 6, 2+2), 2020<br><br>(2 часа x 1 бод + 2 часа x 0,9 бода) | 3,8 |
| 1.4 | Неконвенционални методи на обработка – предавања и вежби (ECTS 6, 2+2), 2021<br><br>(2 часа x 1 бод + 2 часа x 0,9 бода) | 3,8 |
| 1.5 | Одржлив развој во техниката – предавања и вежби (ECTS 6, 2+2), 2023<br><br>(2 часа x 1 бод + 2 часа x 0,9 бода) | 3,8 |
| 1.6 | Инженерски материјали -предавања (ECTS 6, 2+2), 2021<br><br>(2 часа x 1 бод) | 2 |
| 1.7 | Управување и диспечинг во електроенергетските системи – предавања (ECTS 6, 2+2), 2021<br><br>(2 часа x 1 бод) | 2 |
| 1.8 | Материјали во мехатроника – предавања (ECTS 6, 2+2), 2023<br><br>(2 часа x 1 бод) | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.9 | Мониторинг на животна средина, предавања и вежби (ECTS 6, 2+2) 2024<br><br>(2 часа x 1 бод + 2 часа x 0,9 бода) | 3,8 |
| 1.10 | Материјали за рециклирање, предавања и вежби (ECTS 6, 2+2) 2025<br><br>(2 часа x 1 бод + 2 часа x 0,9 бода) | 3,8 |
| 1.11 | Заштита од пожари и експлозија во технолошки процеси, предавања и вежби(ECTS 6, 2+2) 2025<br><br>(2 часа x 1 бод + 2 часа x 0,9 бода) | 3,8 |
| | **Вкупно** | **36.4** |

*Секоја од наведените активности е реализирана само во текот на еден семестар

## НАУЧНО – ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | **1.** Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно Научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор | |
| 1.1 | D. Mladenovska, I. Selim, A. M. Lazarevska, T. Kandikjan. Attributes Defining<br><br>Cost-effectiveness of Biodegradable Products in the Product Driven Design (PDD), Journal of Environmental Protection and Ecology, Volume 24 (1), pp.374-382, 2023. (IF=0,59) | 3 |
| 1.2 | Bojana Stanojevska Pecurovska, Daniela Mladenovska: The presence and treatment of environmental subjects in the Macedonian printed media, South East European Journal of Sustainable Development, Volume 6, Issue 3, pp. 249-267, 2022. | 3 |
| 1.3 | D. Mladenovska, I. Dubravac: Weaknesses regarding occupational health and safety in Macedonian companies. Safety engineering. Vol 11, No. 1, pp. 31-36, 2021. | 3 |
| 1.4 | Risto V. Filkoski, Ana M. Lazarevska, Daniela Mladenovska, Dejan Kitanovski. Steam system optimization of an industrial heat and power plant. Thermal Science 24 (6A), pp. 3649-3662, 2020. https://doi.org/10.2298/TSCI200403284F | 3 |
| 1.5 | Daniela Mladenovska, Ana M. Lazarevska. Socio-economic Indicators Influence in Terms of Natural Gas Supply Policy and Decision Making - Macedonian Case, TEM Journal. Volume 8, Issue 1, Pages 132-143, ISSN 2217-8309, DOI: 10.18421/TEM81-19, February 2019. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.6 | Daniela Mladenovska, Ana M. Lazarevska, Irena Lekoska Bimbiloska.(2018).The Role and Interdependence of Economic Indicators in Optimal Natural Gas Supply in Macedonia as a transitional Economy.TEM Journal, 7(1), 86-96. | 3 |
| 1.7 | D. Mladenovska, A.M. Lazarevska, M. Kochubovski: Assessing Alternatives for Natural Gas Supply in Macedonia versus Environmental indicators. Journal of Environmental Protection and Ecology 18(2), 2017, pp: 632-640. | 3 |
| 1.8 | Mladenovska, D., Lazarevska A. M.: Indicators Relevant for Energy Security Risk Assessment of Critical Energy Infrastructure. International Journal of Contemporary ENERGY, Vol.3, No.1 (2017), pp. 70-81. | 3 |
| 1.9 | Lazarevska A. M., Mladenovska, D.: Corruption and Bad Governance vs Reliable Energy in the Economies in Transition. International Journal of Contemporary ENERGY, Vol.3, No.1 (2017), pp: 57-69. | 3 |
| 1.10 | A. Lazarevska, D. Mladenovska: Multi- Criteria Assessment of Natural Gas Supply Options - The Macedonian Case; International Journal of Contemporary ENERGY, Vol.2 , No.1 (2016), pp: 54-62, ISSN 2363-6440, DOI : 10. 14621/ce. 20160107 | 3 |
| 1.11 | Indji Selim, Ana M. Lazarevska, Daniela Mladenovska, Tatjana Kandikjan, Sofija Sidorenko: Identiffying Material Attributes for Designing Biodegradable Products, New Technologies, Development and Application II, Lecture Notes in Networks and Systems, (Ed. Isak Karabegovic) Vol.76, Springer Nature Switzerland AG 2020, pp. 633-640. (https://doi.org/10.1007/978-3-030-18072-0_74) | 3 |
| | **Вкупно** | **33** |
| | | |
| | **2.** Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор | |
| 2.1 | Daniela Mladenovska, Bojana Stanojevska Pecurovska, Filip Stojanovski. Energy savings in households via behavioral change driven by consumption visibility, UKLO Annual International Scientific Conference 2024 Proceedings, University "St. Kliment Ohridski" Bitola, pp. 209-218. | 3 |
| 2.2 | Ana M. Lazarevska, D. Mladenovska. Energy efficiency Implementation: Driver – Barrier Analysis of the Macedonian Legislation, 5th Euro - Mediterranean Conference for Environmental integration. At: 2-5 October 2023, Rende (Cosenca), Italy, 2023. | 3 |
| 2.3 | Daniela Mladenovska, Inci Derebey: Enhancing Occupational Health and Safety Legal Framework Regarding Increased Ambient Temperatures, Nanotechnologies and Design for Safety in Buildings – Macedonian Case, II. International Health and Climate Change Congress (IHCC), 28-30 November, 2022, Izmir, Turkiye, Conference proceedings, pp. 106 – | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | 112, 2022 | |
| 2.4 | Daniela Mladenovska, Ana M. Lazarevska, Magdalena Krstanoski. Attributes relevant for sustainable additive manufacturing – material driven approach. World Symposium on Mechanical-Materials Engineering & Science (WMMES 2021, Prague). IOP Conference Series: Materials Science and Engineering. 1190 (2021) 012001, doi:10.1088/1757-899X/1190/1/012001. | 3 |
| 2.5 | D. Kitanovski, A. Lazarevska, D. Mladenovska, R.V. Filkoski, Steam System Optimization of an Industrial Heat and Power Generation Facility, 14th SDEWES Conference, 1-6 October 2019, Dubrovnik, Croatia. Proceedings paper No.0654 | 3 |
| 2.6 | Magdalena Krstanoski, Ana M. Lazarevska, Daniela Mladenovska. Human environment, environmental awareness and urban mobility trough the lenses of Puerto Rico end Bahamas. Proceedings of the 7th International Conference Transport and Logstics – til 2019, University of Niš, Faculty of Mechanical Engineering Niš, 6th of December 2019. pp. 127-132. | 3 |
| 2.7 | Daniela Mladenovska, Ana.M. Lazarevska. Identifying relevant indicators for cost-effective maintenance in coal-fired thermal power plants. Proceedings of the 7th International Conference Transport and Logstics – til 2019, University of Niš, Faculty of Mechanical Engineering Niš, 6th of December 2019. pp. 161-166. | 3 |
| 2.8 | Maja Mitevska, Daniela Mladenovska, Emilija Celakoska, Ana M. Lazarevska, Is transiton towards a sustainable electro-energetic system in N. Macedonia possible till 2021 trough implementing economic reform policies?, 11th International Conference “Digital Transformation of the economy and society: Shaping the future?”, 19-20 October, 2019 Prilep, Macedonia. Conference proceedings. pp. 218-228. | 3 |
| 2.9 | Даниела Младеновска, Емилија Јовановска Стојанова, Антон Чаушевски:Повеќекритериумска оптимизација за инвестиција во термоенергетски проект. 10-то Советување Мако Сигре 2017, 24-26 септември, 2017, Охрид, Македонија. Зборник на трудови 099.1 (1-7) | 3 |
| 2.10 | Ana Lazarevska and Daniela Mladenovska: Implementing an energy management system: initial outcomes and learnt lessons. International Conference & Workshop REMOO-2017 ENERGY FOR TOMORROW 10–12 May 2017, VENICE / ITALY.pp. 09-119.1-11. | 3 |
| 2.11 | Lazarevska A. M., Mladenovska D., 2016: “Corruption and Bad Governance vs. Reliable Energy in the Economies in Transition”, Proc. International Conference & Workshop REMOO-2016: “Science and Engineering for Reliable Energy”, 18-20 May 2016, Budva, Montenegro, pp. 9.10.1-16 | 3 |
| 2.12 | Mladenovska, D., Mitrovska Mirchevska S., Lazarevska A. M., 2016: “Indicators Relevant for Energy Security Risk Assessment of Critical Energy Infrastructure”, Proc. International Conference & Workshop REMOO-2016: “Science and Engineering for Reliable Energy”, 18-20 May 2016, Budva, Montenegro, pp. 9.41.1-13 | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 2.13 | Daniela Mladenovska, Atanas Kochov: Identification of technical indicators for creating natural gas supply policies – Macedonian case, Industrial Energy and Environmental Protection in Southeast Europe, IEEP, Zlatibor , Serbia, 24-27 June 2015 | 3 |
| 2.14 | D.Mladenovska, A.M.Lazarevska: Determing relevant attributes and corresponding indicators in a decision making concept for site-selection of a coal fired thermal power plant, Proceedings of the 5th Balkan mining congress, Ohrid 18th-21st September, pp. 464-469, 2013 | 3 |
| 2.15 | Kochov A., Mladenovska D., 2015: "Identification of technical indicators for creating natural gas supply policies – Balkan case", invited lecture (&paper in publication) for the European Commission JRC & the Energy Community Secretariat Joint Workshop on Energy Scenarios for South Eastern Europe, 15 Dec, 2015, Vienna (https://publications.jrc.ec.europa.eu/repository/handle/JRC102982) | 3 |
| 2.16 | С. Цветковски, Д. Младеновска:„ Развојни аспекти од проектот модернизација на ТЕЦ Осломеј", Симпозиум ЗЕМАК, „Енергетика 2014", Охрид, Македонија, 2014 , стр. 87-98. | 3 |
| 2.17 | Filkoski R. V., Petrovski I. J., Radivchev J., Mladenovska D., Energy efficiency and environmental aspects of power plants cooling towers modernization, Int. Symposium "Energetics 2012" Ohrid, Macedonia, 2012 (стр. 965-979, книга 2) | 3 |
| 2.18 | Д. Младеновска, С. Цветковски: Оптимална постапка за десулфуризација на димни гасови во РЕК Битола, Симпозиум „Енергетика 2012", Охрид, Македонија, 2012. (стр. 25-34, книга 1) | 3 |
| 2.19 | Mladenovska, D.,Cvetkovski, S., 2011: „Mariovo – coal mine and power plant with supercritical parameters", at symposium „Possibilities for energetic exploitation of coal reserves in Negotino", 7 July 2011, Negotino, Republic of Macedonia ( pp. 93-101) | 3 |
| 2.20 | Lazarevska, A.,Mladenovska, D., Sørensen, Å.L, Glimsdal, A.I, 2010: „Is modernization of Bitola Thermal Power Plant feasible as a clean development mechanism project?", Symposium „Energetics 2010", October 2010, Ohrid, Macedonia ( pp. 229-238) | 3 |
| 2.21 | Lazarevska, A.,Mladenovska, D., Sørensen, Å.L, Glimsdal, A.I, 2010: „Carbon emission reduction potencial of the gas fired combined cycle heat and power plant Energetika", Symposium „Energetics 2010", October 2010, Ohrid, Macedonia (pp 239-248) | 3 |
| 2.22 | Inçi Selim, Tatjana Kandikjan, Ana M. Lazarevska, Daniela Mladenovska. Adaptation of the Industrial Design Thinking Process to the Demands of Biodegradable Plastics., Poster session at International Scientific Conference, GREDIT 2018 (Green Development, Green Infrastructure, Green Technology), Skopje, 23-24 March 2018. (постер) | 3 |
| 2.23 | Magdalena Krstanoski, Ana M. Lazarevska, Daniela Mladenovska, Kristina Jakimovska. Sustainability, Accessibility and Energy Efficiency Aspects of Conveying Systems. Poster | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | session at International Scientific Conference, GREDIT 2018 (Green Development, Green Infrastructure, Green Technology), Skopje, 23-24 March 2018. (постер) | |
| 2.24 | A..M. Lazarevska, R. Filkoski, D. Mladenovska, G.Tanchevski, Z. Gjurchinoski, A. Grozdanov, G. Nacevski, L. Gechevski, Zh. Chebotareva, Lj. Trajkovski, A.Petrovska, M. Matteini: What are the Feasible Impacts towards a more Energy Efficient and Low Carbon Industry via implementing Energy Management Systems?, Proc. International Conference & Workshop REMOO-2016: "Science and Engineering for Reliable Energy", 18-20 May 2016, Budva, Montenegro, ID.1.51. (постер) | 3 |
| | **Вкупно** | **72** |
| а. | Одбранет магистерски труд | 4 |
| б. | Одбранета докторска теза | 8 |
| **Вкупно:** | | **117** |

## СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| | Назив на активноста | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Издавање стручна литература, учество во проекти, студиски престој во странство повеќе од 3 месеци | |
| 1.1 | Извештај во сенка за Поглавје 27 – напредок во место. (Автор на подпоглавјето за Интегрирано спречување и контрола на загадувањето), Проект "Партнерство за подобра имплементација на Зелената Агенда на локално ниво", поддржан од Швајцарска влада и Civica Mobilitas Program. Консултант за ИСКЗ (2024-2025) | 8 |
| 1.2 | Регионално партнерство за подобро спроведување на Зелена Агенда за Западен Балкан на локално ниво (2023-2026). Проект поддржан од Швајцарска влада и Civica Mobilitas Program. Експерт за идентификување на релевантни индикатори и Изработка на Извештај за спроведувањето на Зелена Агенда за западен Балкан на локално ниво. | 8 |
| 1.2 | Вешт наод и мислење изработен за адвокатска канцеларија Михајловска, Илиева и Виќентијевиќ, за утврдување на причини за настаната штета од инсталација на топловодно греење во станбена зграда во Скопје (јануари – февруари 2025) | 8 |
| 1.3 | Консултант за имплементација на Системи за управување со енергија Проект „Активности за јакнење на деловниот екосистем", финансиран од УСАИД и имплементиран од Консалтинг за стратешки развој. (Менторство и изработка на Прирачник) (2023-2024) | 8 |
| 1.4 | Национален консултант – експерт за енергетски систем<br><br>Поддршка во развојот на Националната развојна стратегија (НРС), Фаза III. Проект спроведен од UNDP, UKAid. (јули 2023 – ноември 2023). Автор на поглавјето за | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | енергетика | |
| 1.5 | Консултант за енергетска ефикасност и циркуларна економија. Проект „Еко паметни општини“. Подготовка на еко патокази за две општини во Македонија. (Центар за климатски промени со поддршка на Амбасадата на САД во Скопје). (август 2022 – август 2023). | 8 |
| 1.6 | Вешт наод и мислење изработен за Центар за стручна експертиза ДОО, за изведба на внатрешна инсталација за централно греење и обезбедување на приклучок со дистрибутивниот систем за централно греење за станбена зграда во Скопје (јули – август 2023) | 8 |
| 1.7 | Експерт за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија. Проект „Подобрување на квалитетот на воздухот преку промена на однесувањето за подобрување на енергетската ефикасност и примена на обновливи извори на енергија (ACT for AIR). Имплементиран од Центар за климатски промени, со поддршка на УНДП и Шведска. (јули 2022 – септември 2022) | 8 |
| 1.8 | Ментор. Акцелератор програма за зелени стартапи. Проект спроведен од Youth Entrepreneurial Service Foundation, со поддршка на ЕБОР и Шведска. (јуни 2022 – септември 2022) | 8 |
| 1.9 | Студија за искористување на отпадна топлина од компресорска постројка, DURA Automotive, Скопје.<br><br>(мај 2022), соработник (двајца автори), физибилити студија | 8 |
| 1.10 | Национален консултант – експерт за енергетски систем. Поддршка во развојот на Националната развојна стратегија (НРС), Фаза II. Проект спроведен од UNDP, UKAid. (февруари 2022 – март 2022) | 8 |
| 1.11 | Консултант за ИСКЗ. Извештај во сенка за Поглавје 27 (автор на подпоглавјето за Интегрирано спречување и контрола на загадувањето), Проект “Граѓанска платформа за мониторинг на предпристпните преговори со ЕУ за Поглавје 27. Civica Mobilitas Program. (март 2021 – ноември 2021) | 8 |
| 1.12 | Национален консултант. OECD - RELATIVE TO Multi-dimensional Reviews (MDRs) of the Western Balkans – countries, Проект имплементиран од OECD и CENER 21 од Босна и Херцеговина. Автор на поглавјето за зелено опоравување на македонскиот електроенергетски систем. (март 2021 – јуни 2021) | 8 |
| **Вкупно:** | | **96** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР НА ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР** | **Поени** |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 36,4 |
| НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 117 |
| СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 96 |
| **Вкупно:** | **249,4** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Ана Лазаревска, претседател, с.р.

Вон. Проф. д-р Стеван Ќосевски, член, с.р.

Проф. д-р Зоран Гацовски, член, с.р.

Скопје, 24.02.2026 година

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО СТАТИКА – ОДБРАНИ ПОГЛАВЈА И ЗАДАЧИ“**
**ОД АВТОРИТЕ**
**Вонр. проф. д-р МОНИКА ЛУТОВСКА, Доц. д-р АЉМИР РУШИТИ, Асс. м-р АЉБИНА МУЧА**

Врз основа на Одлуката за прифаќање на барањето за издавање учебно помагало - практикум на Наставно - научниот совет на Факултетот за технички науки при Универзитетот „Мајка Тереза“ – Скопје, од 18.02.2026, бр. 02-142/8, како член на Рецензентската комисија за рецензирање на учебното помагало „ПРАКТИКУМ ПО СТАТИКА – ОДБРАНИ ПОГЛАВЈА И ЗАДАЧИ“ од авторите Вонр. проф. д-р Моника Лутовска, Доц. д-р Аљмир Рушити и Асс. м-р Аљбина Муча се одередува Проф. д-р Зоран Гацовски. Практикумот е наменет како основен учебник за студиите од областите Машинство, Електротехника, Мехатроника и Сообраќајно-транспортно инженерство во Факултетот за технички науки при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје. Практикумот целосно, или во делови може да се користи во наставата и на други универзитети каде, согласно студиската и предметната програма е потребно да се совладаат содржини кои тука се обработени.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за технички науки при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, како и до Ректорската управа на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје рецензентот го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. ОПШТ ДЕЛ

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот** | Практикум по Статика – одбрани поглавја и задачи |
| **Назив на предметната програма** | Статика |
| **Назив на студиската програма** | Мехатроника, Одржлив дизајн во машинското инженерство, Електроенергетика и обновливи извори на енергија, Сообраќајно-транспортно инженерство |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** | 2+2 (6 ЕКТС) |
| **Академска година / семестар** | 1 / I |
| **Задолжителен/изборен предмет** | Задолжителен |
| **Реден број на изданието** | Прво издание |
| **Општи податоци за ракописот** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 108 страни (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 6 дела (поглавија) кои се однесуваат на статиката, нејзините основни принципи и рамнотежата на телата. |

**РЕЦЕНЗЕНТ**

Проф. д-р Зоран Гацовски с.р.

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ Проф. д-р ЗОРАН ГАЦОВСКИ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Насловната страна на практикумот ги содржи основните податоци: наслов, автори, рецензенти, период на издавање, потоа следат податоци за издавачот, предговорот на авторите и содржината.<br>ПРВА глава - Статиката како дел од механика, започнува со дефинирање на механиката како научна дисциплина која ги проучува најпростите видови движења, состојбите на мирување и взаемните дејства на материјалните тела, како и силите кои се причина за настанување на различните состојби. Посебно внимание се посветува на статиката, каде се проучуваат крутите недеформабилни тела со непроменлив облик под влијание на надворешните сили и условите за состојбата на мирување.<br>Во Точка 1.1 се дадени основните принципи на статиката, кои се всушност аксиоми што математички не можат да се докажат. Нивните резултати се добиени врз основа на изведени експерименти и се прифатени како извор со доволно прецизна точност. Ваквите основни принципи се дефинирани од страна на Њутн и се познати како Њутнови закони. Првиот Њутнов закон објаснува дека секое материјално тело останува во состојба на мирување или во состојба на рамномерно праволиниско движење, сè додека не биде принудено да ја промени својата состојба под дејство на некои надворешни влијанија (принцип на инерција). Вториот Њутнов закон дефинира дека секоја материјална точка што се движи под дејство на некоја сила, добива забрзување што како големина е пропорционално на силата и се поклопува со нејзиниот правец. Третиот Њутнов закон е закон за акција и реакција, а Њутновиот закон за гравитација, формулира дека две материјални тела се привлекуваат со еднакви, но истовремено спротивни сили;<br>ВТОРА глава - Сила, дефинирање на силата, се дефинира силата како причина за промена на положбата на едно тело од состојба на мирување во движење, од состојба на движење да дојде до запирање, или на било каков начин да се промени брзината или правецот на движењето на телото. Се наведуваат четирите карактеристични елементи кои ја одредуваат силата како векторска големина (интензитет, нападна точка, правец и насока). Дадена е поделба на различните видови сили.<br>Постапката на сложување на силите, прикажана во точка 2.1, претставува замена на дејството на две или повеќе сили врз една материјална точка, со една заедничка сила (резултанта). Објаснет е начинот на графичко преставување на резултантата на силите со паралелограм и правило на триаголник, како и аналитичка пресметка на нејзиниот интензитет како векторска големина. Наведени се поединечно четирите различни случаи на сложување на две сили во |

| | |
|---|---|
| | зависност од аголот помеѓу нив. Во прилог на овој дел прикажани се примери на седум решени задачи од сложување на силите. Исто така, дадена е обратната постапка на разложување на резултантата на нејзините составни компоненти што е од особена важност заради практична примена. Прикажано е графичко и аналитичко разложување на резултантата со одредување на проекциите на поодделните сили. Како посебен прилог на овој дел решени се две задачи со комплетен графички и аналитички приказ.<br>ТРЕТА глава - Статички момент, се однесува на воведувањето на поимот материјална точка и поврзување на ротационото движење на едно тело со поимот за статички момент на сила во однос на дадена точка или неподвижна оска. Моментот на силата за дадена точка, како векторска големина се определува преку карактеристиките на ротацијата: интензитет, оска и насока на ротацијата.<br>Во точка 3.1 претставено е одредувањето на резултантен статички момент што се врши со собирање на поединечните моменти од сите сили за ист пол на ротација. Во продолжение на оваа потточка дадени се примери од четири решени задачи;<br>Точката 3.2 ја разработува Варињоновата теорема која подржува замена на дејството на систем на сили кои лежат во иста рамнина (компланарен систем на сили) со една резултантна сила. Оваа теорема е особено корисна при вршење пресметки и упростување на бројни инженерски проблеми. Во прилог дадени се три задачи решени на аналитички и графички начин;<br>Во точка 3.3 е даден посебен случај на пресметување на резултантен момент е специфичниот случај на две антипаралелни сили со еднаков интензитет, или спрег на сили, што исто така претставува векторска големина со свои посебни карактеристики опишани во овој дел. И тука решени се три задачи како примери.<br>Точка 3.4 се однесува на постапката на редукција на сила како преместување на сила во друга точка без да се промени нејзиниот надворешен ефект врз истото круто тело. Намерата да се најде еквивалентен систем во кој силата се преместува во дадена точка е од посебен практичен интерес при решавање на практични проблеми со носачи. Овој дел е дополнет со две целосно решени задачи;<br>ЧЕТВРТА глава - Услови за рамнотежа на круто тело, ја претставува Статиката како наука која се занимава првенствено со дефинирање на условите на силите, неопходни и доволни за одржување рамнотежа кај инженерските конструкции. Посебно внимание се посветува на рамнотежата на системот кога главната резултантна сила и главниот момент на резултантниот спрег, за систем од компланарни сили што дејствуваат врз дадена материјална точка од истата рамнина, се еднакви на нула. Притоа се дефинираат трите различни облици на условите за рамнотежа; |

| | |
|---|---|
